Мелничко пекарска индустрија
„ЖИТО КАРАОРМАН" АД
Бр. 03-32/1
21.08 2023 год.
КИЧЕВО

Врз основа на член 32 од Законот за преземање на акционерски друштва, Одборот на директори на Мелничко пекарска индустрија **Жито Караорман АД Кичево** ("**Целно друштво**"), со седиште на адреса на бул. Илинден. Бр. 44, Кичево, го објавува следново

**М и с л е њ е**

во однос на **ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ** дадена од страна на лицето Селаудин Арифи ("Преземач"), која се однесува за 2.852 обични акции, издадени од страна на на Жито Караорман АД Кичево го даваме следното мислење:

Селаудин Арифи е доминантен акционер во целното друштво и како резултат на тоа е во постојан контакт со членовите на Одборот на директори во врска со деловната стратегија на работење на целното друштво. При тоа сите членови на Одборот на директори беа запознаени со тековните активности на преземачот во врска со оваа Понуда за преземање.

Сметаме дека оваа понуда за преземање, нема да резултира со отпуштање на постоечките вработени на Жито Караорман АД Кичево, напротив ќе се усоврши технологијата, ќе се зголеми продуктивноста, а со тоа и бројот на вработени.

Преземачот со вкупно 8.199 обични акции учествува во донесување на стратешки одлуки на целното друштвото, согласно наведеното учество преземачот независно ги формира своите одлуки во врска со начинот на остварување на правото на глас од акции кои ги поседува.

Членовите на Одборот на директори лицата Арбијан Бајрами, Зоран Пановски и Слободан Јовески не поседуваат акции во целното друштво.

Последните ревидирани финансиски извештаи на Жито Караорман АД Кичево се однесуваат на периодот кој завршува на 31.12.2022 година. Ревизијата беше извршена од страна на ТП ЈЈ Аудит-Консалтинг - Куманово. Од нивна страна беше дадено стручно мислење за финансиските извештаи. Со постапката на ревизијата утврдена е вкупна актива од 526.629 илјади денари, додека вкупните обврски се утврдени во висина од 223.342 илјади денари.

Акумилираната загуба во 2022 година изнесува 108.561 илјади денари. Книговодствената вредност изнесува 27.025,86 денари по акција Во 2022 остварени се вкупни приходи од 98.244 илјади денари, а годината е завршена со добивка од 397 илјади денари која ќе се употреби за покривање на загуби од минати години.

Жито Караорман АД
Кичево
Одбор на Директори,

Мелничко пекарска индустрија „ЖИТО КАРАОРМАН" АД КИЧЕВО 2

Кичево, 21.08.2023 година